UNIVERSITETI I EJL
ЈИЕ УНИВЕРЗИТЕТ
SEE UNIVERSITY

**Ф А К У Л Т Е Т**

**Бизнис Администрација**

# СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА ПОСДИПЛОМСКИ СТУДИИ

**(Мастер)**

**MAJ, 2007**

## В О В Е Д

Пред да се претстави предлог програмата за последиплоските студии на Факултетот за Бизнис Администрација, треба да се обрне внимание на следниве аспекти:

- **Како прво:** Според Договорот и процесот на Болоња последипломските студии треба да бидат помеѓу 90-120 ЕЦТС. Програмите со помалку од 120 ЕЦТС треба да се сметаат како посреднички програми. Земајќи предвид дека УЈИЕ е приванта образовна институција, последиплоските студии мора да опфаќаат по 120 ЕЦТС.

- **Како второ:** Земајќи предвид дека последипломските студии претставуваат продолжение на додипломските студии, помеѓу нив треба да постојат разлики од содржинска природа. Последипломските студии треба да се насочат кон попродлабочено изучување на проблематиките и поголема насоченост кон практичните аспекти. Последипломските студии треба да бидат поделени на 4 семестри со по 30 ЕТЦС. Освен ова се опфаќаат помал број на предмети, кои ќе бидат прикажани во понатамошниот текст. На крај, предметите на последипломски студии треба да имаат поголем број на кредити во однос на тие од додипломските студии.

- **Како трето:** Општо земено целта на додипломските студии е да се припремат практичари, додека цел на последипломските студии е да се создадат целосно оспособени менаџери. Оттука треба да се разликуваат додипломските и последипломските студии. Оваа разлика може да се направи доколку последипмските студии се повеќе насочени кон менаџерските предмети.

- **Како четврто:** За да се примат на последипломски студии студентите мора предходно да имаат завршено додипломски студии. Кај последипломските студии се придава внимание на основните деловни способности и знаења,додека последипломските студии се повеќе насочени кон примена на стекнатите знаења и слушање на понапредни предмети. Затоа, не смее истите предмети да се повторуваат на додипломски и на последипломски студии.

**Факултет за Бизнис Администрација**

| | |
|---|---|
| 1. Институција/Орган за давање титула | ЈИЕ Универзитет |
| 2. Наставна институција | ЈИЕ Универзитет |
| 3. Место на изведување настава | Кампус на ЈИЕУ (Тетово) |
| 4. Програмата за акредитација до:: | Одборот за акредитација |
| 5. Финален научен степен | **МБА(Мастер оф Бусинесс Администратион) Маѓистар на Науки** |
| 6. Програма | Бизнис Администрација- ***ПОСДИПЛОМСКИ СТУДИИ*** |
| 7. Датум на изработка/ревизија | Мај 2007 |
| 8. Група на студенти | Генерација од академската год. 2007 |

**9. Наставни цели на програмата**

- Подигнување на нивото на управување и раководење на претпријатијата и развиток на современиот менаџмент;
- Оспособување и изградување на менаџери од современ профил: претприемачи, подготвени да преземаат акции, но и ризици кои се поврзани со секоја иницијатива, флексибилни, решителни и храбри личности;
- Образование на високо квалификувани и професионални менаџери со лидерски способности и желба за справување со предизвиците на новиот милениум;
- Создавање менаџери со нови погледи и начин на размислување, развивање на способности за предвидување на иднината и прифаќање на предизвиците и можностите кои ги нуди бизнисот во 21 век.

**10. Резултати од наставата**

Наставата им овозможува на студентитите да ги развиваат и да ги презентираат знаењата, квалитетите и други особини во долуспоменатите сфери:

| Стекнати знаења | Предавањата/наставата, методите и стратегиите на проценување кои се употребуваат за постигнување и презентирање на резултатите |
|---|---|
| **А. Стекнати знаења и согледувања од:** | **Предавања/настава** |
| 1. Полето на бизнис администрација, менаџмент, маркетинг, финасии итн. | **Основни методи за изведување на наставата се:** |

| | |
|---|---|
| 2. Оспособување и компетентност за управување и за максимално користење на ресурсите за стекнување нови знаења<br><br>3. Планирање примена на нови политики од областа на бизнисот кои се важни за државата и за општеството.<br><br>4. Подготовка за активно ангажирање во водечки научноистражувачки проекти<br><br>5. Интердисциплинарната курикула ги снабдува студентите со широки познавања од областа на менаџментот и неговите влијаниа врз глобалното општество. Фокусот е ставен врз економиксот, човековото однесување, организациите, сметководството, комуникациските способности, операциите, маркетингот, финансиите, менаџмент информационите системи, и нивното влијание врз менаџерското одлучување<br><br>6. МБА е насочен кон практичната примена на таквите средста, техники и концепти. | Традиционални и интерактивни предавања, семинари предводени од тутори и професионални еперти; независно истражување; практична работа во претприатиата, предавачи гости преставници на менаџерските екипи на поголемите претприатија во Македонија и сл.<br><br>**Оценување**<br><br>Во рамките на програмите на предметите, оценувањето се реализира преку следниве компоненти:<br>• присутност во предавањата;<br>• консултации;<br>• семинарски работи;<br>• завршен испит;<br>• работа на терен;<br>• реализирани проекти и др. |

| | |
|---|---|
| **Б. Вештини и други карактеристики**<br>**Способности за пренесување на интелектуалните вештини.**<br><br>**По успешното завршување на програмата студентите можат:** | ***Предавања/Настава*** |

| | |
|---|---|
| 1. Да ги применувааат знаењата здобиени во текот на студиите, да ги анализираат комплексните прашања од областа на бизнисот, финанциите, менаџментот и маркетингот.<br>2. Да ги препознаваат и да ги одредуваат проблемите и прашањата според нивната значајност.<br>3. Да собираат и да синтетизираат податоци од професионалната литеретура на албански, македонски и на англиски (меѓународни извори)<br>4. Да ги препознаваат можните алтернативи за посебните проблеми и да прават практичен избор на солуции меѓу нив. | **Овие вештини главно се развиваат преку дискусии и аргументирање на семинарите, презентациите и на дебатите по предметите и др.**<br>Општите вештини се развиваат преку разните дебати, семинарските трудови и презентациите по предметите, како и преку практична работа во институциите на државата, финасиски институции, приватните фирми и во невладиниот сектор.<br><br>**Оценување**<br>Писмените испити, оценувањето на презентациите и дискусиите по предметите, семинарските трудови и практичната работа. |
| **Ц. Примена на спец. вештини: Апликација и решавање на правниот случај.**<br><br>По завршување со успех на програмата, студентите ќе можат:<br>1. Да ги препознаваат проблемите од областа на бизнисот, менаџментот финансиите, маркетингот и на јавниот и приватниот сектор .<br>2. Да изведуваат општи и специфични анализи во областа на бизнисот,<br>3. Да ги елаборираат од научен и практичен аспект, разликите и потребите на општеството во целина | ***Предавања/Настава***<br><br>**Оценување**<br><br>Се врши преку завршните испити, колоквиумите, преку презентациите и семинарските трудови, како и според работата на тезата и јавната презентација по завршувањето на практичната работа. |

| **Извори, истражувања и оценување** | ***Предавања / Настава*** |
| --- | --- |
| **По завршување со успех на програмата, студентите ќе можат:**<br>1. Индивидуално и групно да работаат на истражување на најсоодветните форми на исполнување на потребите на населението<br>2. Да ги елаборираат, од научен и од професионален аспект, разликите и потребите на заедницата.<br>3. Активно да бидат вклученени во изградбата на макро и микро економската политикита<br>4. Да бидат информиран и да придонесуваат во научните и во професионалните елаборати . | **Оценување**<br>Во рамките на програмите на предметите, оценувањето се реализира преку следниве компоненти:<br>• присутност во предавањата;<br>• успешност на реализираните вежби;<br>• семинарски работи;<br>• завршен испит;<br>• работа на терен;<br>• реализирани проекти и др. |
| **Д. Главните вештини:** | |
| **Комуникација и писменост.**<br>1. Квалитетно да го подобрат управувањето и раководењето со претпријатието.<br>2. Да ја применуваат и развиваат тимската работа во решавањето на деловните проблеми на претпријатието.<br>3. Да подготвуваат инвестициони студии и да ја оценат изводливоста на инвестиционите проекти;<br>4. Да подготвуваат различни видови планови во претпријатието;<br>5. Да ги осознаат и применуваат различните активности и функции на менаџментот на човечки ресурси и да го предвидат однесувањето на луѓето во организацијата;<br>6. Да развиваат и унапредуваат технички, интерперсонални, стратегиски, аналитички и комуникациски вештини. | **Предавања/Настава**<br><br>**Оценување**<br><br>Се врши врз основа на оценувањето на анализите на реалните проблеми, и на индивидуалните и групните презентации и дискусии, и на семинарски трудови и др. |

**11. Структура на студиската програма, услови за студирање, нивоа, модули, кредити и признанија**

Наставата се нуди врз редовна (фулл-тиме) основа. Студиските програми се во времетраење од две години (четири семестри) за посдодипломски студии, односно 120 ЕКТС-кредити и двегодишни за последипломсите студии, односно 120 ЕКТС-кредити.

Студентите следат настава од задолжителни и од изборни предмети. Предметите опфаќаат кредити кои кореспондираат отприлика со 25-30 часа од времетраењето на предавањата. Секоја година треба да се добијат 60 кредити за околу 1500-1800 часови во година. Подетални информации за политиката на кредитите може да се добијат во каталогот на Универзитетот. Предметите се делат на семестрални единици. Студентите треба да ги завршат сите предмети според развиена задолжителна студиска програма. Учеството на предавањата е задолжително и претставува примарен услов за да го поминат предметот успешно. Секој предмет треба да се заврши исполнувајќи ги барањата поставени во програмата (силабусот) на предметот. Во последниот, шестиот семестар, студентите ќе се здобијат со практични знаења и вештини преку практична работа, која е и услов за дипломирање на додипломски студии.

За успешно завршување на последипломските студии (Мастер) долунаведената развиена задолжителна студиска програма опфака сите услови кои студентите треба да пополнат и на крај односно во четвртиот семестар да изработат магистерска теза/труд која треба јавно да се одбрани пред комисија определена од Наставно-научниот совет на Факултетот.

Последипломските студии се структуирани во пет смерови и тоа: економија,менаџмент,маркетинг,финансиси и сметководство и меѓународна економија. Студентите во моментот на запишување на последипломските студии определуваат смер. Првиот семестар е заеднички за сите смерови, и во негови рамки се изучуваат чеири предмети. Во текот на вториот и третиот семестар студентиле следат по четири предмети од кои три облигативни и еден изборен предмет. Последниот семестар е посветен на обработка на тезите за магистерскиот трду, при што студентите треба тесно да соработуваат со професор кој во зависност од темата ќе им биде определен како ментор за обработка на истите.

**СТУДИСКА ПРОГРАМА НА ПОСДИПЛОМСКИ СТУДИИ.**

| *Семестар 1* | *Кредити* | *Зим./Лет.* | *Теорет часови* | *Практ. часови* | *Вкупно студ. час.* | *Големина на групите* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Напредна Економија | 7.5 | З | 36 | 20 | 225 | **50** |
| Применета методологија на истражување | 7.5 | З | 36 | 20 | 225 | **50** |
| Стратегиски менаџмент | 7.5 | З | 36 | 20 | 225 | **50** |
| Применета статистика | 7.5 | З | 36 | 20 | 225 | **50** |
| **Вкупно** | **30** | | | | **900** | |

**Опис на предмети**

**Семастар 1**

**Напредна Економија**

Предметот е составен од два дела и тоа: микроекономија и макроекономија. Во рамките на микроекономијата се изучува однесувањето на потрошувачот во услови на егзистенција на буџетско ограничување и неговата целна функција - максимизација на корисноста, како и однесувањето на претпријатието во различни пазарни структури и нивната целна функција - максимизација на профитот. Во микроекономијата се изучуваат и факторите на производство и нивните цени, како и улогата на државата во регулирањето на бизнисите и на домените на пазарниот неуспех. Макроекономијата го изучува функционирањето на економијата во целина. Во тој контекст вниманието е фокусирано на најзначајните макроекономски големини: бруто домашниот производ, инфлацијата, невработеноста, штедењето, инвестициите, девизниот курс и слично. Посебно внимание се обрнува на факторите кои ја нарушуваат макроекономската рамнотежа на кус и долг рок, како и на природата и карактерот на клучните макроекономски политики низ кои се настојува движењето на фактичкиот бруто домашен производ да се доближи, толку колку што тоа е возможно, до движењето на потенцијалниот бруто домашен производ.

**Применета методологија на истражување**

Овој предмет се фокусира на еден широк спектар на методи на истражување кои може да се користат во рамки на сите општесвени науки. Се придава внимание како на квантитативните така и на квалитативните методи на истражување. Овој предмет е наменет за поединци кои имаат потреба да спроведат општесвени истражувања како дел на нивните академски студии.

**Стратегиски менаџмент**

Намерата на наставата по предметот е да ги оспособи студентите да го разберат процесот на донесување одлуки, односно како идни менаџери, на ефективен начин да донесуваат добри деловни одлуки. Предметната материја овозможува, студентите да се доближат до основите на системскиот пристап, системската анализа, теоријата на информациите и теоријата на информационите системи, кои пошироко се истражуваат во наредните студиски години. Донесувањето одлуки е суштествен дел на менаџерската професија. Преку изведувањето на вежби со практични примери, студентите практицираат индивидуална и тимска работа. На тој начин се доближуваат до организационата реалност и се оспособуваат за правилно решавање на деловните проблеми.

**Применета статистика**

Преку овој предмет студентите ќе ги разберат и применат елементите на дескриптивната статистика,теорија на веројатност проследено со веројатноста и распределбата на примероците, пресметка на дистрибутивните параметри, пресметка и контрола на статистичките хипотези,тестирање на хипотезите,анализа на варијанса,линерана анализа и анализа на временски серии,едноставна линеарна регресија и корелација.

**НАСОКА МЕЃУНАРОДНИ ЕКОНОМСКИ ОДНОСИ**

| *Семестар 2* | *Кредити* | *Зим. / Лет.* | *Теорет часови* | *Практ. часови* | *Вкупно студ. час.* | *Големина на групите* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Финансирањето на инвестициите и странски директни инвестиции** | **7.5** | **З** | **40/36** | **16/20** | **225** | **50** |
| **Технолошкиот развој и глобализацијата** | **7.5** | **З** | **40/36** | **16/20** | **225** | **50** |
| **Современите макроекономски концепции и политики** | **7.5** | **З** | **40/36** | **16/20** | **225** | **50** |
| **Изборен предмет** | **7.5** | **З** | **40/36** | **16/20** | **225** | **50** |
| **Вкупно** | **30** | **З** | **40/36** | **16/20** | **225** | **50** |
| | | | | | | |

**Изборни предмети** ***Семестар 2***

| *Семестар 2* | *Кре* | *Зим.* | *Теоре* | *Прак* | *Вкупно* | *Големин* |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | *дит и* | */ Лет .* | *т часов и* | *т. часов и* | *студ. час.* | *а на групите* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Теоретски основи на развојната економија и економските политики** | *7.5* | *3* | *40/36* | *16/20* | *225* | ***50*** |
| **Меѓународен маркетинг** | *7.5* | *3* | *40/36* | *16/20* | *225* | ***50*** |
| **Извозни стратегии и политика на конкурентност** | *7.5* | *3* | *40/36* | *16/20* | *225* | ***50*** |

| *Семестар 3* | *Кре дит и* | *Зим. / Лет .* | *Теоре т часов и* | *Прак т. часов и* | *Вкупно студ. час.* | *Големин а на групите* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Меѓународниот бизнис и економскиот развој** | **7.5** | **3** | **40/36** | **16/20** | **225** | **50** |
| **Меѓународна економија** | **7.5** | **3** | **40/36** | **16/20** | **225** | **50** |
| **Меѓународните пазари на капитал и економскиот развој** | **7.5** | **3** | **40/36** | **16/20** | **225** | **50** |
| **Изборен предмет** | **7.5** | **3** | **40/36** | **16/20** | **225** | **50** |
| **Вкупно** | **30** | | | | **900** | **50** |

**Изборни предмети *Семестар 3***

| *Семестар 3* | *Кре дит и* | *Зим. / Лет .* | *Теоре т часов и* | *Прак т. часов и* | *Вкупно студ. час.* | *Големин а на групите* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Меѓународни финансиски и трговски институции и економскиот развој** | *7.5* | *3* | *40/36* | *16/20* | *225* | ***50*** |
| **Меѓународен менаџмент** | *7.5* | *3* | *40/36* | *16/20* | *225* | ***50*** |
| **НадвореЁна трговија** | *7.5* | *3* | *40/36* | *16/20* | *225* | ***50*** |

**Опис на предметите**

***Семестар 2***

**Финансирањето на инвестициите и странски директни инвестиции**

Цел на предметот е да се презентира значењето на странските директни инвестиции и финансирањето на инвестициите врз идниот економски развој на националната

економија. Кратка содржина на предметот: Капиталот и инвестициите во економската теорија, Изворите на инвестициите, Меѓународни ресурси за финансирање на инвестициите, Капиталната сметка во националната економија, Финансирање на инвестиционите проекти (финансиска конструкција), Оптимизација на изворите за финансирањето на проектите, Трошокот на капиталот на инвестиционите проекти, Глобализацијата во светската економија и странските директни инвестиции, Теории за СДИ, Детерминантите за СДИ, Национални стратегии и политики и СДИ, Методи за вреднување на СДИ и Цоунтрѕ риск-от за инвестирање.

**Технолошкиот развој и глобализацијата**

Предметот е наменет за запознавање на студентите со современите технолошки процеси како дел од глобализацијата на светската економија, и нивното влијание врз одделните национални економии. Кратка содржина на предметот: Карактеристики на современиот технолошки развој, Основни домени на технолошките промени, Економски ефекти од технолошките промени, Глобализацијата на светската економија, Носители на технолошките и економските промени во време на глобализацијата, Политика на технолошкиот развој во Република Македонија.

**Современи макроекономси концепти и политики**

Цел на програмата е да се презентираат доминантните макроекономски концепции и политики нивното влијание при креирањето и спроведувањето на макроекономската политика во одделните земји. Кратка содржина на предметот: Микроекономски основи на макроекономските концепции и политики, Кејнзијанизмот и неокејнзијанизмот и макроекономските политики, Монетаризмот и макроекономските политики, Новата класична макроекономија и макроекономските политики, Теоријата на реалниот бизнис циклус и макроекономските политики, Економијата на понудата и макроекономските политики, Теоријата на јавен избор и макроекономските политики, Новата кејнзијанска економија и макроекономските политики, Конфронтирање на современите макроекономски концепции и политики со фактите на реалниот економски живот, Макроекономските концепции и нивните импликации во одделни земји.

**Изборни предмети** ***Семестар 2***

Теоретски основи на развојната економија и економските политики

Курсот е заснован на апликација на повисоко ниво на стандардната економска теорија и анализа. Наставата треба да овозможи оспособување (концептуално и методолошки) за анализа на теоретските и практичните импликации на современите процеси на економски раст и развој во светот и фундаменталните пристапи во економските политики поврзани со растот. Претходни барања се

завршени курсеви од макро и микроекономија, математика и квантитативна анализа како и одделни применети дисциплини и субдисциплини (економија на трудот, јавни финансии, меѓународна трговија и финансии ит н.). Кратка содржина на предметот: Вовед - теоретските одредници на растот и развојот, Целите на развојот, Мерење на нивоата, растот и промените, Извори и фактори на растот, Теории на економскиот раст, Модели на економската политика, Стратегии на развојот.

**Меѓународен маркетинг**

Меѓународниот маркетинг е една од најмладите научни дисциплини на деловната економија која од специфичен агол ги набљудува и анализира меѓународните маркетинг активности на претпријатијето. Во рамките на овој предмет се изучуваат многубројните феномени и процеси кои се денес присутни во светската економија и кои укажуваат дека традиционалните пристапи полека но сигурно завземаат местото во историјата. На нивно место се раѓа свет, кој е економски меѓузависен и кој не признава никакви политички граници кои се нрекуваат држави. Со изучување на материјата се доаѓа до сознание дека сите клучни економски параметри мора да бидат насочени во насока во која се развива меѓународната економија и светскиот пазар. Стекнатите знаења по Меѓународниот матркетинг и нивната примена во практиката ќе не доближат до успешните претпријатија и успешните земји, кои знаат што сакаат од сопствените ресурси и сопствените економии, во контекс со светскиот пазар.

**Извозни стратегии и политика на конкурентност**

Предметот ги запознава студентите со влијанието на извозните стратегии и политиката на конкурентност врз идните развојни трендови на националните економии и врз способноста на економските субјекти ви конкурентскиот настап во меѓународната економија. Кратка содржина на предметот: Нужност од стратегии за влучување во МЕО, Регионални извозни стратегии, Извозно ориентирани стратегии во развиените земји, Специфични стратегии на новоиндустријализираните земји, Политика на конкуренција, Детерминанти на извозната стратегија на индустријата во Македонија, Детерминанти на извозната стратегија на агро-индустрискиот комплекс на Македонија.

***Семестар 3***

**Меѓународниот бизнис и економскиот развој**

Овој предмет ја опфаќа проблематиката на меѓународниот бизнис, предусловите за вклучување во меѓународниот бизнис, остварување на економскиот развој во меѓународниот бизнис и влијанието на меѓународниот бизнис врз трендовите во националната економија. Кратка содржина на предметот: Природата на меѓународниот бизнис, Транснационалните корпорации, меѓународниот бизнис и економскиот развој, Странските директни инвестиции како основна форма на меѓународнииот бизнис, Европското бизнис окружување, Македонската економија и меѓународниот бизнис.

**Меѓународна економија**

Основната намена на овој предмет е да се претставaт модерните тенденции во меѓународната економија и нивното влијание врз националните економии. Кратка содржина на предметот: Вовед во меѓународната економија, Современи тенденции на глобализација на меѓународните економски текови, Технолошкиот развој и структурните промени во светското стопанство, Теоретските основи на меѓународната економија, Политиката на меѓународните економски односи, Проблемот на презадолженоста на земјите во развој, Макроекономската политика во услови на отворена економија, Меѓународните економски проблеми на земјите во транзиција, Местото на Република Македонија во меѓународната економија.

**Меѓународните пазари на капитал и економскиот развој**

Предметот треба да ги запознае студентите со растечкиот тренд на глобализацијата на националните финансиски пазари. Кратка содржина на предметот: Институционална структура на меѓународните пазари на пари и капитал, Основи на меѓународните финансиски инвестиции, Девизниот ризик, ефикасноста на девизните пазари и меѓународните финансиски инвестиции, Меѓународно банкарство и структурните промени во клучните национални банкарски системи, Евровалути и европазари – Офф-Схоре меѓународен банкарски систем, Транзиционите економии и меѓународните пазари на капитал, Република Македонија и меѓународните пазари на капитал.

**Изборни предмети** ***Семестар 3***

**Меѓународни финансиски и трговски институции и економскиот развој**

Предметот треба да ги запознае студентите со улогата и влијанието на меѓународните финансиски и трговски институции врз економскиот развој и процесот на глобализацијата. Кратка содржина на предметот: Меѓународни финансиски и кредитни институции и економскиот развој, Меѓународни трговски институции и економскиот развој, Развојна компонента на политиката на државите во меѓународната трговска размена.

**Меѓународен менаџмент**

Целта на овој предмет е да им помогне на студентите да го разберат денешниот глобален бизнис свет. Односно овој предмет ги обработува стратегиски аспекти на меѓународниот менаџмент (анализа на меѓународното окружување, формулирање на меѓународната стратегија, извршување на меѓународната стратегија, контрола на меѓународната стратегија) како и меѓународните аспекти на деловните функции менаџментот. Кратка содржина на предметот: Анализа на меѓународното окружување, Формулирање меѓународна стратегија, Извршување на меѓународната стратегија, Контрола на меѓународната стратегија, Меѓународен производствен менаџмент, Меѓународен менаџмент на човечки ресурси, Меѓународен маркетинг менаџмент, Меѓународен финансиски менаџмент.

**НадвореЁна трговија**

Овој предмет има за задача да им овозможи на студентите да се запознаат со основните принципи на СТО како столб на современиот меѓународен трговски систем. Во предметоо исто така се анализираат карактеристиките на новите пазарни стопанства и проблемот на нивно вклопување во меѓународната поделба на трудот. Посебен дел е посветен на анализата на регионализмот наспроти глобализацијата на економските текови. Кратка содржина на предметот: Поставеност на меѓународниот трговски систем пред Уругвајската рунда на преговори на ГАТТ, Уругвајската рунда на преговори и институционализација на Светската трговкса организација, Светската трговска организација како столб на современиот меѓународен трговски систем – исчекор кон либерализација на меѓународната трговија, Развиените земји и влијанието на светската трговска организација, Земјите во развој и светската трговска организација, Новите пазарни стопанства и проблемот на нивното вклопување во меѓународната поделба на трудот, Регионалните интеграции како исклучок од правилата на Светската трговска организација, Глобализацијата вице верса регионализмот од аспект на либерализацијата на надворешната трговија, Македонија и Светската трговска организација – предности и слабости за економијата од стекнувањето на статусот на полноправен член на организацијата.

## СЕМЕСТАР 4

- Примена на специјализација / Магистерски труд

**Магистерски труд**

После положувањето на сите испити, студентот може да ја почне процедурата за пријавување, изработка и јавна одбрана на магистерскиот труд. Студентот одбира ментор со чии упатства ја подготвува апликацијата на тезите за магистерскиот труд. Апликацијата потоа мора да се одобри од страна на Наставичкиот колегиум

за последипломски студии и Наставно-научниот совет на Факултетот, а потоа тезите за магистерскиот труд се објавуваат во Билтенот на Универзитетот.

Откако ќе се изработи финалната верзија на магистерскиот труд, Наставно-научниот совет на факултетот формира комисија од тројца членови (менторот е претседател на комисијата), која подготвува Извештај со кој подготвениот магистерски труд се прифаќа (или одбива). Потоа позитивниот извештај се усвојува од страна на Наставно-научниот совет и се определува ден за јавна одбрана. Ако магистерскиот труд е успешно одбранет, студентот се стекнува со диплома магистер на економски науки. Магистерскиот труд му носи 30 кредити на студентот. Дипломата се потпишува од страна на Ректорот на Универзитетот “ЈИЕУ” и Деканот на Економскиот факултет во Тетово .